Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ И ДЕФИНИРАЊЕ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

***Министер***
***м-р Јованка Тренчевска***

**декември 2023, Скопје, Република Северна Македонија**

## Содржина

Кратенки ....2
Кус осврт кон Годишниот план од министерот ....3
1. Клучни начела за донесување и имплементација на планот....4
2. Цели, резултати и клучни индикатори за успех на Годишниот план за 2024 година....5
3. Анализа за ризични области, детектирани недостатоци во примена на законите и редовните активности и спроведување мерки за спречување и борба против корупција во министерството ....5
4. ТАБЕЛА – Годишен план за проценка на ризици и дефинирање мерки за спречување корупција за 2024 година преку идентификација на можна основа за прекршување и настанување случаи на корупција, идентификување на ризици и проценка на ниво на ризичност преку топлотна карта, како и дефинирани мерки, активности, надлежни институции, алатки за следење и рокови за реализација....7
5. Следење, евалуација и известување....22
6. Финансиски средства за спроведување на годишниот план ....22
Прилог 1 Стандарди на интегритет и етика и избегнување на конфликт од интерес....23
Прилог 2 Следење и известување по Годишниот план за проценка на ризици и мерки за спречување на корупција за 2023 година....25
Прилог 3 Појаснување за анализа и евалуација на идентификуваните ризици со примена на топлотна карта и идентификување на контролни механизми ....26

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ААРСМ | Агенција за администрација на Република Северна Македонија |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| БЈН | Биро за јавни набавки |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| ЕЗ | Европска Заедница |
| ЕУ | Европската Унија |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ФПИО | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |

## Кус осврт кон Годишниот план од министерот

*Почитувани,*

*Со Годишниот план за проценка на ризици и дефинирање мерки за спречување на корупција за 2024 година на Министерството за труд и социјална политика се допридонесува во спроведување на генералната политика на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата и нулта толеранција при злоупотреби по однос на извршување на надлежностите и функциите во областите под негова надлежност.*
*Главна задача и заложба е Министерството да работи транспарентно, одговорно и чесно „во служба и во интерес на граѓаните".*
*Нулта толеранција за корупцијата е главен предуслов за успешно владеење на правото, обезбедување на еднаквост и почитување на слободата и правата на граѓаните.*
*Планот, како еден од клучните документи на министерството, предвидува конкретни и ефикасни внатрешни и независни механизми за контрола, редовни и повремени ненајавени ревизии во работните процеси и постапки. На тој начин допринесуваме за градење на ефикасен и ефективен систем за борба против корупцијата. Ја зајакнуваме довербата на граѓаните во државата и во институциите.*
*Секој вработен во Министерството, независно од работната позиција на која се наоѓа, е должен да работи единствено во служба и во интерес на граѓаните. При тоа, работните задачи да ги извршува навремено, ефикасно и ефективно, со целосна почит кон секој граѓанин и со целосна посветеност кон секој проблем со кој се соочуваат граѓаните, во согласност со законите.*
*Секој вработен е должен да ги почитува мерките и активностите предвидени во Годишниот план за проценка на ризици и спречување на корупцијата. Во суштина, мерките и активностите произлегуваат од редовните работни процеси во Министерството.*
*Отстапки од овој план нема и не смее да има за ниту еден вработен.*
*Секој вработен подлежи на контрола, а работните процеси и постапки подлежат на ревизија со цел да обезбедиме целосно отстранување и на најмалата можност за евентуална корупција и злоупотреба.*
*Мои врвни приоритети се чесноста и одговорното и лојално работење за граѓаните. И тоа го барам и го очекувам од секој вработен во Министерството, и од таквиот начин на работење не отстапувам. Секој што нема да ги почитува принципите, ќе понесе одговорност.*
*Ние сме тука „во служба и во интерес на граѓаните".*

*Со почит,*

***МИНИСТЕР,***
***м-р Јованка Тренчевска***

## 1. Клучни начела за донесување и имплементација на планот

Согласно член 2 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси[1], под поимот „корупција" се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

За целите на имплементација на политиките во оваа област, често користена дефиниција што опфаќа широк спектар на коруптивни активности е „злоупотреба на јавна или приватна функција за лична корист".

Воедно, под поимот „корупција" се опфаќаат и поимите на:

- „пасивна корупција" што подразбира намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски, и
- „активна корупција" што подразбира намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Овој Закон го дефинира и поимот „ризик од корупција" (член 8, став 5) како било кој вид на внатрешна или надворешна слабост или процес што може да претставува можност за појава на корупција во државните тела, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор. Самиот поим вклучува и прашања како што се судир на интереси, некомпатибилност на функциите, примање подароци и други недозволени плаќања, лобирање, немање систем за заштита на укажувачите, измама, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на законот, трговија со информации и нивно неовластено користење, транспарентност на процедурите и документите и други прашања кои се релевантни за интегритетот.

Поимот „интегритет" (член 8, став 6) значи законско, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на активности со кои службени лица го штитат својот углед и угледот на институцијата за која се одговорни, односно во која се вработени, ги отстрануваат ризиците и сомнежите за можности за појава и развој на корупција и со тоа тие ја стекнуваат довербата на граѓаните во вршењетона јавните функции и во работата на јавните институции.

Дополнително, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[2] има поконкретни и попрецизни дефиниции на разните елементи на проценката на ризик од институционална корупција:

- Ризик од веројатноста да се случи настан кој би имал неповолно и/ или негативно влијание на остварувањето на целите на субјектот (член 24, став 24);
- Управувањето со ризик е процес на утврдување и проценување на внатрешните и надворешните ризици кои би можеле да имаат неповолно и/ или негативно влијание врз исполнување на целите на субјектот и на примената н неопходните контроли со цел изложеноста на ризик да се одржува на прифатливо ниво или да се намалат последиците од евентуален ризик на прифатливо ниво (член 24, став 25);
- Управување со ризик вклучува: идентификување, проценка и контрола врз потенцијални настани или ситуации кои би можеле да имаат несакано и/ или неповолно влијание на остварувањето на целите на субјектот, со цел обезбедување разумна сигурност дека целите ќе бидат остварени.

Овие дефиниции се корисни референци за развој на секторските политики и подигање на свеста, елаборирање во годишен акционен план и донесување и спроведување мерки за спречување на корупција.

Притоа, за целите на овој план е опфатен и поимот „судир на интереси" што подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Годишниот план е креиран низ партиципативен процес заснован на следните начела што се очекува задолжително да бидат почитувани од страна на секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност, во министерството:

---

[1] Закон за спречување на корупција и судирот на интереси, Службен весник на РМ, бр.12/2019 од 19.1.2019 година

[2] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%88%D0%92%D0%A4%D0%9A-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82-1.pdf

- начело на законитост[3];
- начело на интегритет[4];
- начело на еднаквост[5];
- начело на јавност[6];
- начело на заштита и одговорност[7].

## 2. Цели, резултати и клучни индикатори за успех на Годишниот план за 2024 година

Генералната цел, специфичните цели, крајни резултати и клучни индикатори се дефинирани врз основа на надлежностите на министерството и опсегот на областите на делување преку активностите на одделните работни единици[8].

| Генерална цел | Специфични цели | Краен резултат (исход) | Клучни индикатори за успех на годишно ниво | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| Министерство без случаи на корупција, конфликти на интереси, перење на пари и вмешаност во случаи на организиран криминал. | Постапување во согласност со Уставот и со законите,<br>Професионално и непристрасно постапување од секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност, како и избегнување на евентуален судир на интереси,<br>Обезбедување на отчетност за работите и процесите од јавен интерес во областите во надлежност на министерството. | Висок углед, интегритет и професионалност во извршувањето на надлежностите во рамките на овластувањата. | 0 (нула) случаи на корупција,<br>0 (нула) случаи на конфликти на интереси,<br>0 (нула) случаи на перење на пари,<br>0 (нула) случаи на организиран криминал,<br>0 (нула) ревизорски наоди за постоење сомнежи и/или случаи на корупција,<br>Високо ниво на отчетност за користењето на јавните финансии на ниво на министерство. | Ревизорски извештаи на Државен завод за ревизија (ДЗР),<br>Финансиски извештаи на министерството,<br>Извештаи од комисии формирани од функционерот за проверка на работењето,<br>Извештаи на судските органи,<br>Извештаи од Министерството за внатрешни работи (МВР),<br>Извештаи од Ревизорското тело за ИПА,<br>Извештаи од секундарни извори (извештаи во сенка од граѓанскиот сектор). |

## 3. Анализа за ризични области, детектирани недостатоци во примена на законите и редовните активности и спроведување мерки за спречување и борба против корупција во министерството

Политиката за борба против корупција на Владата на Република Северна Македонија ги дефинира генералните мерки кои даваат насоки за државните и јавните институции за зајакнување на капацитетите, воспоставување синхронизиран систем за ефикасна функционалност на институциите против корупцијата, враќање на довербата и креирање на општество ослободено од коруптивно однесување и практика.

| Општи мерки кои се однесуваат на спречување на случаи на корупција во министерството |
|---|
| • јакнење на капацитетите во институцијата со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените лица;<br>• навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица;<br>• почитување на законските прописи, Кодексот за Етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и Кодексот за административни службеници;<br>• зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција;<br>• зајакната контрола и надзор на јавни набавки;<br>• зајакнување на меѓу-институционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата преку платформата Интероперабилност;<br>• јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на министерствата и органите на државната управа, |

[3] Начелото на законитост подразбира постапување во согласност со Уставот и со законите, што вклучува извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да се изврши, ниту да се подреди извршувањето на законското дејствие за личен интерес, ниту во интерес на друго лице.

[4] Начелото на интегритет подразбира совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно постапување, како и избегнување на евентуален судир на интереси и при извршување на јавните овластувања и должности, секое лице да не се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

[5] Начелото на еднаквост подразбира примена на правото на еднаков пристап кон вршење на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности, како и правото на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без ограничување од монополско или дискриминаторско однесување и правото за спречување или пријава на корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без какви било последици.

[6] Начелото на јавност подразбира дека вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола, и притоа, не може да се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси.

[7] Начелото на заштита и одговорност подразбира примена на правото за пријава на сомневање или сознание за корупција и заштита согласно со закон, како и оштетената страна со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во времето на извршување на делото, што е утврдено со правосилна судска одлука.

[8] Согласно со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, организациската структура на министерството е сочинета од 15 сектори, 49 одделенија, проектна единица за спроведување на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси" и како орган во состав, Управа за прашања на борците и воените инвалиди во која постои сектор со две одделенија.

- јакнење на интегритетот кај инспекторите и избегнување на изложеност од притисоци на работа,
- комплетна презентација на факти и докази при надзор од страна на инспекциските служби, како и фактички основано донесување на инспекциска мерка без остварување на личен интерес или стекнување на противправна имотна корист.

Годишниот план опфаќа дефинирање и проценка на ризици, конкретни мерки и активности за организационите единици во министерството, чија имплементација е обврска на организационите единици во министерството. Потенцијалните случаи на корупција, во поголем или помал обем, можат да се појават во една или повеќе теми на ризични области.

| **Теми на ризични области при појава на случаи на корупција** |
|---|
| • судир на интереси,<br>• некомпатибилност на функции,<br>• забрана за прибирање подароци,<br>• заштита на укажувачи,<br>• вршење дополнителна дејност,<br>• злоупотреба на официјални податоци,<br>• лобирање,<br>• незаконски барања од претпоставено лице,<br>• незаконски барања од друго лице,<br>• дискрециони овластувања. |

Годишниот план е изработен и неговото исполнување е со важност за временски период од 1 календарска година, односно за календарската 2024 година.

Носители на овој документ се организационите единиците: Секторот за внатрешна ревизија, Секторот за финансиски прашања, Секторот за нормативни и правни, општи и заеднички работи и Секторот за координација и техничка помош на министерот, како и останатите сектори, со целосна поддршка на високите раководни структури во министерството (министер, заменик министер и државен секретар).

Голем дел од дефинираните мерки и активности се во насока за надминување на недостатоците на контролните механизми, односно системите за внатрешна и надворешна проверка, врз кои влијание имаат:

- финансиски, човечки и надворешни фактори,
- непостоење или недоволна контрола во и на процесите, односно несоодветна примена на принципот на „четири очи“,
- неусогласеност по хоризонтална поврзаност (со други институции кои креираат соодветни политики и имаат хоризонтална поврзаност),
- неусогласеност по вертикална поврзаност помеѓу секторските политики, самостојни организациони единици и органи во состав).

Дополнително, од аспект на извршување на внатрешната ревизија, утврдени се и ризици чија веројатност на настанување и влијание, ја наметнуваат потребата од превземање мерки.

Дефинираните мерки со активности за преземање се во насока за ублажување, надминување и отстранување на идентификуваните недостатоци.

Истите се поврзани со законите и активностите во надлежност на министерството и областите на делување (пазар на труд, социјална и детска заштита, пензиско и инвалидско осигурување, заштита на борците и воените инвалиди и еднакви можности).

За напомена, Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр.258/19 од 30.10.2020) го промовира принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи. Воедно со овој закон се уредува воспоставување на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, како самостоен орган и професионално тело со широки надлежности за постапување почнувајќи од превенција до заштита од дискриминација.

Мерките со активности за преземање се согласно дефинираните мерки за борба против корупција и Националната стратегија за спречување на копрупцијата и судирот на интереси со Акционен план за нејзино спроведување 2021-2025.

## 4. ТАБЕЛА – Годишен план за проценка на ризици и дефинирање мерки за спречување корупција за 2024 година преку идентификација на можна основа за прекршување и настанување случаи на корупција, идентификување на ризици и проценка на ниво на ризичност преку топлотна карта[9], како и дефинирани мерки, активности, надлежни институции, алатки за следење и рокови за реализација

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Несоодветно постапување при спроведување на пропишани постапки и процедури за сметка на туѓ и/ или личен интерес што би довело до директна или индиректна штета на буџетот. | Закон за укажувачи<br>Закон за постапување по претставки и предлози<br>Закон за спречување на корупција и судир на интереси<br>Закон за лобирање<br>Закон за заштита на личните податоци<br>Закон за вработени во јавен сектор<br>Уредба за начинот на располагање со примените подароци, начинот на управување со евиденцијата на примените подароци и други прашања во врска со примањето на подароци<br>Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост<br>Уредба за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар | Членови 4, 5 , 6, 7 и 15 од Законот за укажувачи<br>Членови 5 – 20 од Закон за постапување по претставки и предлози<br>Членови од четврта и петта глава<br>Релевантност на сите членови од Законот за лобирање<br>Членови 9, 16, 17, 18 и 19 од Законот за заштита на личните податоци | Веројатност да се случи: X (црвено)<br>Влијание/ последици: X (црвено)<br>Финансиска проценка: X (црвено) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција. | Мерки на политика на интегритет во рамки на министерството. | МТСП | Изработен извештај | Континуирано |
| | | | | | | Назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени за заштитено внатрешно и заштитено надворешно укажување.<br>Назначено овластено лице за постапување по претставки и предлози. | | Изработен извештај | |
| | | | | | | Назначено лице за интегритет, примање на подароци и судир на интереси. | | Изработен извештај | |
| | | | | | | Мерки за спречување на судир на интереси и правила за постапување со подароци, погодности и гостопримства во министерството и инспекциската служба | | Изработен извештај | |
| | | | | | | Мерки за политика на приватност | | Изработен извештај | |

[9] Примената на идентификувањето на ризици и топлотната карта за проценка на веројатноста да се појави случај на корупција, неговото влијание и последици и евентуална финансиска проценка е согласно усвоените Насоки за проценка на ризикот од институционална корупција во Република Северна Македонија, согласно 55-тата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28.6.2022 година.

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Непринципиелно постапување на функционерите и вработените лица во институцијата. | Закон за административни службеници<br>Закон за вработени во јавен сектор<br>Закон за трансформација во редовен работен однос | Релевантност на сите членови од споменатите закони | Веројатност да се случи: X (црвено)<br>Влијание/ последици: X (црвено)<br>Финансиска проценка: X (црвено) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Проценка на реалните потреби за утврдување на потребниот број на вработени лица;<br>Надминување на потребите од вработени лица со соодветни квалификации за одредено работно место со одреден вид и степен на образование;<br>Унапредување на вработените лица;<br>Надминување на потребите од потребен обем на работа преку привремени вработувања и ангажирање на лица за вршење на интелектуални или физички работи со договор за дело. | Спроведување на внатрешна контрола во работењето од непосреден и повисок раководител во секторите и функционерот.<br>Спроведување функционална анализа за утврдување за тоа колкав број на вработените се потребни за извршување на одредени работни задачи во одредени сектори и одделенија, исто така која ќе утврди какви стручни квалификации се потребни да ги поседуваат вработените лица за вршење на конкретни работни задачи.<br>Воспоставување и примена на мерливи критериуми за унапредување на административните службеници што ќе овозможи унапредување на вработените на основа на квалитет и систем на вредности.<br>Ограничено ангажирање на лица преку агенција за привремени вработувања само кога тоа е потребно заради вршење на одредени проекти или поради неможност да се спроведе постапка за вработување согласно закон за административни службеници.<br>Ограничување на ангажирање на лица со договор за дело, односно ангажирање само во исклучителни ситуации кога е неопходно за функционирање на дејноста поради неможност да се спроведе постапка за | МТСП<br>МИОА | Функционална анализа за управување со човечките капацитети во министерството. Годишен извештај за состојбата со капацитетите на административните службеници. | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | вработување или за вршење на одредени работи кои се надвор од дејноста на институцијата. | | | |
| Злоупотреба на доверливи информации во рамки на тендерски постапки<br>Несоодветно спроведување на постапки поврзани со имплементација на проекти. | Закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) | Поглавје IV Супервизија, контрола и ревизија и заштита на финансиските интереси | Веројатност да се случи: [ ] [X] [ ]<br>Влијание/ последици: [ ] [X] [ ]<br>Финансиска проценка: [ ] [X] [ ] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Обезбедување економично, ефикасно и ефективно спроведување на ИПА помошта врз основа на принципите на темелно финансиско управување | Назначено лице за пријавување на неправилности во системот за следење на неправилности на ЕУ/ИПА системот. | ИПА одделенија во МТСП | Изработен извештај во случај на пријава за неправилност и/ или сомнеж за измама и/ или примена на „дувни го свирчето" | Континуирано |
| | Закон за Ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) | Член 4 Следење, известување и евалуација и Прилог 2 Темелно финансиско управување – Заштита на финансиските интереси и наплата | | | | Спроведување на внатрешна ревизија за примена пишаните процедури во ИПА структурата и имплементацијата на проектите финансирани преку ЕУ/ ИПА средствата | Сектор за внатрешна ревизија во МТСП | Број на редовни проверки;<br>Број на ад-хок ненајавени проверки и вонредни проверки по допрен глас;<br>Изработени извештаи од внатрешна ревизија со препораки од редовни, ад-хок ненајавени проверки и вонредни проверки по допрен глас;<br>Акциски планови за следење на ревизорски наоди и препораки со рокови за спроведување. | Најмалку еднаш во текот на годината |
| Неадекватно планирање на потребите на институцијата. | Закон за јавни набавки | Членови 3, 4, 5, 6, 7, 8, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 55, 59, 76, 110, 117, 172 | Веројатност да се случи: [ ] [ ] [X]<br>Влијание/ последици: [ ] [ ] [X]<br>Финансиска проценка | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран | Зајакната контрола и надзор на јавни набавки. | Изработка на постапки со контролни листи за почитување на начелата за еднаков третман и недискриминација, транспарентност и конкуренција, како и економично, ефикасно и | МТСП/ Сектор за внатрешна ревизија БЈН | Постапки со контролни листи за почитување на начелата за еднаков третман и недискриминација, | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Неоправдана поделба на јавната набавка во неколку помали.<br>Неадекватно пресметување на проценетата вредност на договорот (влијае на изборот на постапката и оценување на соодветноста на тендерот).<br>Условите/ критериумите за избор не се поставени пропорционално.<br>Неоправдано склучување анекси за некои работи, непредвидени работи, итни работи, и дополнително нарачани работи.<br>Склучување анекси на договорите без претходна соодветна постапка.<br>Судир на интереси во постапка на јавни набавки.<br>Конфликт на интереси при употреба и давање на средства доверени на службено лице (поврзаност помеѓу официјалното лице и изведувачот, како и поранешен вработен, роднина, удел во компанијата, и сл.). | | | X | Не е контролиран | Зајакната контрола при исплата на средства на повеќе нивоа.<br>Обезбедување транспарентност, отчетност и интегритет при спроведување на јавните набавки.<br>Задолжителна примена и обезбедување на сите наредби и упатства во писмена форма или преку електронска пошта на лицата задолжени за јавните набавки.<br>Задолжително известување на постоење сомнеж за корупција.<br>Заштита на вработени лица кои имаат пријавено случаи на корупција.<br>Почитување на правилото лицето од договорниот орган кое учествувало во постапка за јавна набавка не смее во рок од две години од престанокот на функцијата или на работниот однос кај договорниот орган да заснова работен однос, да склучи договор на дело или на било кој друг начин да биде ангажирано кај | ефективно користење на јавните средства преку споредба на направените трошоци при спроведувањето на постапката со економската ефикасност на предметот на набавката.<br><br>Изработка на годишен план за јавни набавки врз основа на планирани или обезбедени финансиски средства од Буџетот.<br><br>Примена на процедури за спроведување на постапки со вредност под 1.000,00 ЕУР за стоки и услуги и под 5.000,00 ЕУР за набавка на работи.<br><br>Изработка на процедури за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас.<br><br>Изработка на процедура за користење електронска аукција и утврдување на критериуми за квалитет во вакви случаи. | | транспарентност и конкуренција, како и економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства преку споредба на направените трошоци при спроведувањето на постапката со економската ефикасност на предметот на набавката.<br><br>Усогласен годишен план за јавни набавки со планирани или обезбедени средства со претходна потврда од МФ.<br><br>Процедури за спроведување на постапки со вредност под 1.000,00 ЕУР за стоки и услуги и под 5.000,00 ЕУР за набавка на работи.<br><br>Процедури за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас.<br><br>Процедура за користење електронска аукција и утврдување на критериуми за | |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | носителот на набавката или со него поврзани субјекти. | | | квалитет во вакви случаи. | |
| | | | | | Задолжително известување до Комисијата за спречување на корупција или Јавното обвинителство на РСМ, во случај на сомнеж или појава на случај на корупција. | Изработка на процедура за спроведување на технички дијалог преку претходна проверка на пазарот со директен контакт со потенцијалните економски оператори околу дел од деловите на тендерската документација. | | Процедура за спроведување на технички дијалог преку претходна проверка на пазарот со директен контакт со потенцијалните економски оператори околу дел од деловите на тендерската документација. | |
| | | | | | Задолжително потпишување на изјава за судир на интереси од сите членови во постапка за јавна набавка согласно Закон за спречување на судир на интереси и Закон за јавни набавки. | Изработка на процедура за поднесување и одобрување на барање со оправданост за склучување анекс кон договор. | | Процедура за поднесување и одобрување на барање со оправданост за склучување анекс кон договор. | |
| | | | | | Задолжително потпишување на изјава за учество во Комисија за постапка со економски најповолна понуда( изјава за спроведување на евалуација на понуди). | Изработка на процедури и листи за проверка за следење на извршувањето на склучените договори за јавни набавки. | | Процедури и листи за проверка за следење на извршувањето на склучените договори за јавни набавки. | |
| | | | | | Задолжително учество во Комисија за спроведување на постапка за јавна набавка на лица од секторот/ одделението за кое е потребата од набавката. | Изработка на процедура за објаснување и одобрување на невообичаено ниска цена или трошок од економски оператор. | | Процедура за објаснување и одобрување на невообичаено ниска цена или трошок од економски оператор. | |
| | | | | | Задолжително учество во изработка на техничката | Изработка на процедура за подготовка на технички спецификации, премер и пресметки. | | Процедура за изработка на технички спецификации, премер и пресметки | |
| | | | | | | Спроведување обуки за правилна примена на Законот за | | | |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | документација од стручни лица за предметот на набавката, вклучени лица и лица кои работат во секторот/ одделението за кое е потребата од набавката. | јавни набавки и спроведување постапки. | | | |
| | | | | | | Спроведување обуки за изработка на техничка спецификација за јавни набавки. | | | |
| | | | | | | Спроведување на најавени и ненајавени контроли за верификација на спроведени постапки за јавни набавки | | Извештаи од најавени и ненајавени контроли за верификација и изработка на извештаи со препораки од овие контроли. | |
| Неосновано дадена согласност за набавки и неосновано обезбедување на средства на втора линија.<br>Формално логичка, математичка неточност на финансискиот документ, незаконски основана, ненавремена и некомплетна исплата на буџетски средства. | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола<br>Закон за сметководство за буџет и буџетски корисници<br>Закон за буџети<br>Закон за извршување на буџет | Поврзаност со цитираните закони | Веројатност да се случи: X (црвено)<br>Влијание/ последици: X (црвено)<br>Финансиска проценка: X (црвено) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Зајакнување на међу-институционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата преку платформата Интероперабилност.<br>Зајакната контрола при исплата на средства на повеќе нивоа.<br>Воведување поироки овластувања за внатрешна ревизорска контрола.<br>Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на министерството. | Примена на процедура за процес на исплата на преземени обврски, преку воведување контрола на второ ниво и контрола на налог од сметководител и шеф на сметководство. | МТСП<br>МФ | Процедура за процес на исплата на преземени обврски. | Континуирано |
| | | | | | | Примена на процедура за процес на прием и издавање на материјали преку спордба на договор, приемница со примени материјали, вкрстени контроли и ад хок контроли од ex ante контролор. | | Процедура за процес на прием и издавање на материјали. | |
| | | | | | | Примена на процедура за процес на исплата на патни и дневни трошоци за патување во земјата и странство преку проверка од страна на буџетска контрола за расположливи средства за реализација (состојба на конто 420) и контрола пред исплата на готовина на лицето кое патува и на патниот налог од ликвидаторот. | | Процедура за процес на исплата на патни и дневни трошоци за патување во земјата и странство. | |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | Примена на процедура за проток на финансиски документи. | | Процедура за проток на финансиски документи. | |
| | | | | | | Примена на Упатство за ex-ante/ ex-post контрола на финансиската документација. | | Упатство за ex-ante/ ex-post контрола на финансиската документација. | |
| | | | | | | Примена на процедура за вршење на попис на средства и обврски. | | Процедура за вршење на попис на средства и обврски. | |
| | | | | | | Спроведување на внатрешна ревизија за целосна примена на законот од јавна внатрешна контрола, преку редовни, ад-хок ненајавени проверки и вонредни проверки по допрен глас. | | Број на редовни проверки;<br>Број на ад-хок ненајавени проверки и вонредни проверки по допрен глас;<br>Изработени извештаи од внатрешна ревизија со препораки од редовни, ад-хок ненајавени проверки и вонредни проверки по допрен глас;<br>Акциски планови за следење на ревизорски наоди и препораки со рокови за спроведување. | Најмалку еднаш во текот на годината |
| Непостапување согласно законските прописи | Закон за заштита на децата | Нестручни, односно неискусни лица кои водат управна постапка | Веројатност да се случи: X (yellow)<br>Влијание/ последици: X (yellow)<br>Финансиска проценка: X (yellow) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Јакнење на капацитетите во институцијата | Спроведување на обуки за правилна примена на Законот за општа управна постапка | МТСП<br>ЦСР | Извештај за реализирани обуки<br>Број на обучени лица | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | [ ] | | | | | |
| | | Член 177а Издавање/ продолжување на лиценци за работа на лица кои немаат завршено соодветно образование согласно Законот за заштита на децата Издавање/ продолжување на лиценци со нецелосна документација | Веројатност да се случи [X]<br>Влијание/ последици [X]<br>Финансиска проценка [X] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Зајакнување на надзорот за издавање/ продолжување на лиценци за работа на лица кои немаат завршено соодветно образование<br>Зајакнување на надзорот за издавање/ продолжување на лиценци за работа со нецелосна документација | Избирање членови на Комисија со познавање на законската регулатива од областа на заштита на децата;<br>Спроведување обуки за јакнење на капацитетите на Комисијата;<br>Формирање на повремени тела - комисии што ќе вршат надзор на работата на Комисијата. | Комисија за лиценцирање | Спроведена обука за примена на Законот за членовите на Комисијата во однос на нивната област на работење<br>Извештаи од спроведени надзори. | Континуирано |
| | | Член 102 став 2 Издадено позитивно мислење од страна на Комисијата која врши непосреден увид во установите за деца иако не се исполнети во целост условите за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. | Веројатност да се случи [X]<br>Влијание/ последици [X]<br>Финансиска проценка [X] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Промена на структурата на комисијата за вршење на непосреден увид во исполнетост на условите | Измена на законот по однос на структурата на комисијата;<br>Избирање стручни членови на Комисија со познавање на законска и под-законска регулатива од областа на заштита на децата и со искуство во дејноста;<br>Спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на Комисијата. | МТСП | Извештаи за спроведени активности за можни недоследности во работата на Комисијата за непосреден увид. | Континуирано |
| Застареност на поведување и водење на прекршочните постапки.<br>Застареност на извршувањето на прекршочните санкции. | Закон за прекршоци | Член 41<br>Член 42 | Веројатност да се случи [X]<br>Влијание/ последици [X]<br>Финансиска проценка [X] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран | Зајакнување на капацитетите за доследно поведување и водење на прекршочните постапки и извршување на прекршочните санкции; | Навремено преземање на дејствија во прекршочната постапка од извршителите.<br>Спроведување интерни контроли во работењето од страна на раководителот на сектор. | МТСП<br>Министерство за правда<br>Државен управен инспекторат | Извештаи за работа;<br>Извештаи од извршителите;<br>Извештаи од интерни контроли во работењето од страна на | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | Унапредување на професионалниот развој на вработените лица. | Спроведување редовни и ненајавени контроли од внатрешна ревизија.<br><br>Спроведување контрола на работењето од ad hoc формирана комисија од министерот.<br><br>Спроведување инспекциски надзор од страна на Државен управен инспекторат.<br><br>Спроведување специјализирани обуки на вработените за доследно почитување на законските прописи, совесно одговорно и непристрасно одлучување.<br><br>Изработка на софтвер за автоматизација на работните процеси на ниво на министерство во насока за замена на рачниот систем на работа со креирање дигитални алатки. | | раководителот на сектор;<br>Извештај од ad hoc формирана комисија од министерот за контрола на работењето;<br>Извештај од внатрешна ревизија;<br>Извештај од инспекциски надзор од страна на Државен Управен инспекторат;<br>Следење на извештаи на комисиите. | |
| Недостиг од надзор во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување. | Закон за пензиско и инвалидско осигурување | Член 186 | Веројатност да се случи: X (средно)<br>Влијание/ последици: X (средно)<br>Финансиска проценка: X (средно) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Зајакнување на надзорот во постапките за остварување на права по основ на пензиското и инвалидското осигурување | Изработка на Методологија за спроведување на контроли( редовни и ад хок).<br><br>Донесување на Методологија за спроведување на контроли(редовни и ад хок).<br><br>Спроведување на редовни и на ад хок контроли (не само по основ на претставки). | МТСП | Донесена Методологија<br>Број на спроведени редовни и ад хок контроли(годишно) | 2024-2025 |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| По постапка во втор степен решава МТСП со тоа што МТСП не располага со лекарска комисија која може да цени согласно барањето за утврдување на инвалидност по член 2. | Закон за вработување на инвалидни лица | Член 2-1 | Веројатност да се случи: X (жолто)<br>Влијание/ последици: X (жолто)<br>Финансиска проценка: X (жолто) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Определување на нов орган кој ќе решава во втор степен | Законска измена во делот на органот кој решава во втор степен.<br>Формирање на второстепена лекарска комисија. | МТСП<br>Сектор за пензиско и инвалидско осигурување<br>МЗ<br>Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен | Изменет закон<br>Определена нова комисија која решава во втор степен, во чиј состав има назначени лекари | 2024-2025[10] |
| Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член се поднесува до МТСП во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението. | Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци | Член 84 став 3 | Веројатност да се случи: X (жолто)<br>Влијание/ последици: X (жолто)<br>Финансиска проценка: X (жолто) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Определување на нов орган кој ќе решава во втор степен | Законска измена во делот на органот кој решава во втор степен. | МТСП<br>Сектор за пензиско и инвалидско осигурување<br>Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен | Изменет закон<br>Определен нов орган | 2024-2025[11] |
| Несовесно постапување од страна на лекарски комисии.<br>Земање мито, односно остварување на материјална корист.<br>Мешање на одговорните и овластените лица на | Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци | Од 80 до член 83<br>Начинот на формирање на лекарските комисии врз основа на чии наод и мислење се стекнува со | Веројатност да се случи: X (црвено)<br>Влијание/ последици: X (црвено)<br>Финансиска проценка: X (црвено) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Воведување на нов начин на избор на членови на комисија или формирање на посебно тело за ова прашање.<br>Определување на ново независно тело кое ќе решава во прв степен | Изготвување на софтвер за избор на членови на комисија пред почетокот на комисијата или за секој одделен предмет.<br>Законска измена во делот на органот кој решава во втор степен. | МТСП<br>Сектор за пензиско и инвалидско осигурување,<br>Управа за прашања на борците и | Софтвер за избор на членови на комисија<br>Изменет закон<br>Определен нов орган | 2024-2025 |

[10] Во тек е изготвување на нов закон за вработување на лица со попреченост и професионална рехабилитација, во кој ќе биде уредена постапката и органот за постапување и решавање во втор степен, каде ќе биде уредено и лекарска комисија која ќе даде наод и мислење во втор степен. Новиот закон се предвидува да се донесе до крај на 2023 и единственото тело за вештачење кое ќе постапи и во втор степен да биде функционално во 2024 година.

[11] Оваа активност по однос на функционирање на телото за вештачење е дел објаснета во фусnота бр.1 и телото е планирано да функционира од 2024 година.

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| институцијата во работата на лекарските комисии.<br>Непотизам<br>Непостоење на контролен механизам врз работењето на комисијата.<br>Донесување на привремени или трајни решенија за намалена работоспособност, поради инвалидност.<br>Злоупотреба на Буџетот. | | определено право странката | | | Зајакната внатрешна контрола на спроведени процедури | Спроведување на внатрешна контрола на спроведените процедури | воените инвалиди | Извештаи спроведени контроли со препораки | Континуирано |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по однос на правата утврдени во предложениот закон. | Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | Од член 65 до член 82 | Веројатност да се случи: X (жолто)<br>Влијание/ последици: X (жолто)<br>Финансиска проценка: X (жолто) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Воспоставување дигитален регистарот на докази. | Изготвување на анализа на законска регулатива за обезбедување на функционалност на користењето на дигитален регистар.<br>Измена и дополнување на законска регулатива со вклучување за користење на дигитален регистар на податоци.<br>Изработка и воспоставување на дигитален регистер на докази. | МТСП<br>МИОА<br>АВРСМ<br>ФИОП<br>Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | Анализа<br>Изменета законска регулатива<br>Воспоставен дигитален регистер на докази. | 2025 |
| | | | | | Префрлање на надлежност на независен орган (државна комисија) по однос на одлучување по жалба. | Измена и дополнување на законската регулатива за спроведување на одлучувањето во втор степен, од страна на независен орган - државна комисија. | | Донесување на нов Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност | 2025 |
| | | | | | Непосредна контрола на вертикално и хоризонтално ниво на работењето на административниот службеник задолжен за водењето на постапката по материјалниот закон. | Изработка на Методологија за начинот на обезбедување на потребните списи врз основа на кои се изведени докази и е донесен непосреден Управен кат согласно материјалниот закон. | | Методологија со контролна листа | 2025 |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | Контрола од вертикалното ниво на работењето по однос на материјалните закони на непосредниот извршител и непосредно претпоставените од хоризонталното ниво. | Формирање комисии за проверка на факти од вертикално ниво. | | Извештај од спроведени проверки | Континуирано |
| | | | | | Контрола од внатрешна ревизија и управна инспекција. | Барање за постапување од внатрешна ревизија и управна инспекција. | | Извештаи од внатрешна ревизија и наод од управна инспекција | |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по однос на правата утврдени во предложениот закон. | Закони за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со доминантна сопственост на државата | Член 2 | Веројатност да се случи: X (средно)<br>Влијание/ последици: X (средно)<br>Финансиска проценка: X (средно) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Префрлање на надлежност на независен орган (државна комисија) по однос на одлучување по жалба. | Измена и дополнување на законската регулатива за спроведување на одлучувањето во втор степен, од страна на независен орган - државна комисија. | МТСП<br>МИОА<br>АВРСМ<br>ФИОП<br>Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | Изменета и дополнета законска регулатива | 2024 - 2025 |
| | | | | | Непосредна контрола на вертикално и хоризонтално ниво на работењето на административниот службеник задолжен за водењето на постапката по материјалниот закон. | Изработка на Методологија за начинот на обезбедување на потребните списи врз основа на кои се изведени докази и е донесен непосреден Управен акт согласно материјалниот закон. | | Методологија со контролна листа | Континуирано |
| | | | | | Контрола од вертикалното ниво на работењето по однос на материјалните закони на непосредниот извршител и непосредно претпоставените од хоризонталното ниво. | Формирање комисии за проверка на факти од вертикално ниво. | | Извештај од спроведени проверки | |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | Контрола од внатрешна ревизија и управна инспекција. | Барање за постапување од внатрешна ревизија и управна инспекција. | | Извештаи од внатрешна ревизија и наод од управна инспекција | |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по однос на правата утврдени во предложениот закон. | Закон за работни односи | Член 213 -а и 213 -б | Веројатност да се случи [ ] [X] [ ]<br>Влијание/ последици [ ] [X] [ ]<br>Финансиска проценка [ ] [X] [ ] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Враќање на повторно одлучување согласно образложение | Измена на ЗРО (материјална или упатна норма) со кој ќе се предвиди можноста одлуката на комисијата за репрезентативност да се врати на повторно разгледување и одлучување. | МТСП | Ажуриран регистер на репрезентативност на синдикати и работодавачи. | Континуирано |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по однос на правата утврдени во предложениот закон. | Закон за безбедност и здравје при работа | Член 17-а, 17-д | Веројатност да се случи [ ] [X] [ ]<br>Влијание/ последици [ ] [X] [ ]<br>Финансиска проценка [ ] [X] [ ] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Следење на постапката за полагање на стручен испит за безбедност и здравје при работа. | Спроведување вонреден ревизорски надзор за проверка на доказите за исполнување на условите предвидени согласно законот за полагање на стручен испит за безбедност и здравје при работа. | МТСП | Извештаи од спроведени ревизорски надзори. | Континуирано |
| | | Член 45 | Веројатност да се случи [ ] [X] [ ]<br>Влијание/ последици [ ] [X] [ ]<br>Финансиска проценка [ ] [X] [ ] | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран [ ]<br>Не е контролиран [ ] | Пренесување на надлежности за утврдување на исполнетоста на условите за издавање на овластување за вршење на стручни работи од областа БЗР. | Измена на законска регулатива за промена на надлежности за постапување од комисија на административен службеник со давање предлог за носење на решение од страна на министерството. | МТСП | Извештаи за вршење на стручни работи од област БЗР. | |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по | Закон за приватни агенции за вработување | Член 6., 7, 9, 10 и 11 | Веројатност да се случи [ ] [X] [ ]<br>Влијание/ последици [ ] [X] [ ]<br>Финансиска проценка | Контролиран [X]<br>Делумно контролиран | Воведување јавна база за евиденција на издадени лиценци и дозволи. | Развивање, воспоставување и тестирање на јавна база. | МТСП | Формирање на повремени комисии за проверка на одредени индиции и пријави од физички и правни лица во однос | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| однос на правата утврдени во предложениот закон. | | | X | Не е контролиран | | | | на законито постапување на административните службеници. | |
| Преклопување на надлежност на ист орган кој предлага и уредува закон и непосредно одлучува во втор степен по однос на правата утврдени во предложениот закон. | Закон за мирно решавање на работните спорови | Член 8 | Веројатност да се случи: X<br>Влијание/ последици: X<br>Финансиска проценка: X | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Проширување на можностите за мирно решавање на мирни спорови. | Измена и дополнување на законот во насока на задолжителен обид за решавање работен спор преку арбитража и помирувач и можноста за определување помирувач или арбитар од страна на министерството кога тоа не можат да го направат засегнатите страни. | МТСП | Измена и дополнување на законска регулатива. | 2025 |
| Ненавремено и неефикасно постапување за остварување на правата по основ на социјална заштита и заштита на деца. | Закон за социјалната заштита<br>Закон за заштита на децата<br>Закон за семејството | Одредби поврзани со имплементација на прописот од ЦСР за редовни инспекциски надзори | Веројатност да се случи: X<br>Влијание/ последици: X<br>Финансиска проценка: X | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Утврдување и спроведување на работењето на ЦСР по однос на спроведување на законските одредби. | Спроведување континуирани инспекциски надзори за утврдување на примената на релевантната законска регулатива. | МТСП<br>ЦСР | Редовни инспекциски надзори.<br>Изречени мерки.<br>Споделени сознанија од изречени мерки при спроведен надзор. | Континуирано |
| Неспроведување надзор над стручната работа во постапките за остварување на правата по основ на социјална заштита и заштита на деца. | | Одредби поврзани со имплементација на прописот од ЦСР за спроведување стручна работа | Веројатност да се случи: X<br>Влијание/ последици: X<br>Финансиска проценка: X | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Вршење надзор над стручната работа во ЦСР по однос на спроведување на законските одредби. | Спроведување континуиран надзор над стручната работа за утврдување на примената на релевантната законска регулатива. | МТСП<br>ЦСР<br>ЈУ Завод за социјални дејности | Спроведени надзори и изготвени укажувања.<br>Споделени сознанија од изречени мерки при спроведен надзор. | Континуирано |

| Ризик/ци | Закон кој може да не се примени и врз основа на што може да настанат случаи на корупција | Идентификувана можна основа за прекршување во законите и посочување одредби или непостапување по постапки и практики | Проценка на ниво на ризичност (обележи ниво со X) | Дали ризиците се контролирани? (обележи ниво со X) | Мерка(и) | Активности за преземање во 2024 | Потенцијални вклучени надлежни институции | Алатки за следење (крајни резултати) | Рок за реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | Одредби поврзани со имплементација на прописот од ЦСР за парични права и услуги од социјална заштита и заштита на деца | Веројатност да се случи: X (средно)<br>Влијание/ последици: X (средно)<br>Финансиска проценка: X (средно) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Унапредување системот за целосен one-time увид во постапките за парични права и услуги од социјална заштита и заштита на деца. | Развивање, тестирање, воспоставување и ставање во функција на нов интегриран софтвер за парични права и услуги од социјална заштита и заштита на деца. | МТСП | Нов интегриран софтвер.<br>Внес на сите предмети, како и преземени податоци за предмети од други постојни платформи. | 2024-2025 |
| | Закон за социјалната заштита | Членови 137, 158, 165 и 256<br>Решавање по предмети во прв степен | Веројатност да се случи: X (средно)<br>Влијание/ последици: X (средно)<br>Финансиска проценка: X (средно) | Контролиран: X<br>Делумно контролиран<br>Не е контролиран | Унапредување на начинот на доделување на социјални права и услуги за лица со попречености. | Функционирање на комисии за вршење увид за спроведување на постапките за давање на дозвола, продолжување за самостојно вршење на социјална работа како професионална дејност, доделување средства за давање на социјални услуги и рефундирање на средства за набавка на патнички моторни возила. | МТСП | Извештаи за работа;<br>Следење на извештаи на комисиите. | Континуирано |

## 5. Следење, евалуација и известување

Министерот е надлежен да ја следи реализацијата на годишниот план и активностите утврдени во истиот. Секторот за внатрешна ревизија, Секторот за финансиски прашања, Секторот за нормативни и правни, општи и заеднички работи и Секторот за координација и техничка помош на министерот директно ќе го следат спроведувањето на годишниот план.

Во зависност од потребите, содржината на годишниот план може да е предмет на измени.

Следењето и известувањето за спроведувањето на мерките и преземените активности по годишниот план е базиран на прибирање и обработка на податоци за потребите за изработка на еден годишен извештај, а по потреба и вонредни извештаи при идентификувани случаи на корупција.

## 6. Финансиски средства за спроведување на годишниот план

Финансиски средства за спроведување на активностите од овој годишен план се обезбедени преку буџетот на министерство, а организационите единиците ги спроведуваат како дел од редовните работни задачи.

Доколку се појави потреба за финансирање специфични активности поврзано со овој план ќе бидат се обезбедени од буџетот на министерството и/ или од донаторска помош.

## Прилог 1 Стандарди на интегритет и етика и избегнување на конфликт од интерес

Министерството за труд и социјална политика (МТСП), поаѓајќи од заложбите за почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, има донесено и спроведува Политика на интегритет[12].

Под поимот „интегритет" се подразбира секое законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените и вработените лица во министерството го чуваат својот углед и угледот на институцијата, при тоа ги елиминираат ризиците и отстрануваат соневањата во можностите од настанување и развој на коруптивни дејствија и случаи, обезбедувајќи доверба кај граѓаните во вршење на јавните функции и надлежностите на јавната институција.

Интегритет и етика

Од сите вработени се очекува да се придржуваат кон следното:

- да се стремат кон највисок можен стандард на услуга, преку утврдени и воспоставени процедури и без страв од обвинение, да укажат на какви било недостатоци, потенцијални слабости на внатрешната контрола или несоодветни процедури;
- да се придржуваат до сите закони, прописи и политики што се применливи и одредбите од македонското законодавство;
- да постапуваат непристрасно и не даваат преференцијален третман на која било приватна или јавна организација или индивидуа;
- да се стремат кон заштита и зачувување на јавниот имот и средства;
- навремено откривање и информирање за незаконски активности, измама, злоупотреба и корупција;
- да настојуваат да избегнуваат какви било активности што ќе создадат изглед дека ги кршат законот или етичките стандарди;
- да вложуваат искрени напори во извршувањето на нивните работни задачи и задолженија;
- да се придржуваат кон одредбите од релевантното законодавство за доверливост на информациите;
- да не обезбедат или помогнат на друг да стекне паричен интерес за кој било имот, трансакција или претпријатие, итн., како и да не шпекулираат или помогнат на друг да шпекулира врз основа на информации.

Избегнување на конфликт од интерес

За да се избегнат ситуации на конфликти од инетерес, од вработените лица се очекува:

- да не постапуваат со намера да добијат корист или со намера да наштетат или намерно или свесно да злоупотребат било што од вредност што и припаѓа под надлежности или владение на Владата и/или министерството;
- да не присвојуваат финансиски средства кои се во спротивност со совесното извршување на нивните службени должности и одговорности;
- да не се занимаваат со каква било финансиска трансакција со цел да се оствари било каков приватен интерес со користење на јавни и/или нејавни информации што ги добиваат во текот на нивното работење;
- да не превземаат неовластени обврски или ветувања од каков било вид;
- да не се ставаат под каква било финансиска или друга обврска кон надворешни лица или приватни / јавни организации што можат да влијаат врз нив во извршувањето на нивните службени должности;
- сите присуства на конференции или други семинари, обуки или слични собири треба да бидат одобрени од раководните структури и да бидат докажано корисни за министерството или за обука и развој на вработените;
- да не се занимаваат со надворешно вработување или активности, вклучително и барање или преговарање за вработување, што е во спротивност со службените должности и одговорности;
- ниту едно вработено лице не смее да бара, да нуди, да дава совет, да се согласи да даде, прифати или да се согласи да прифати каква било корист во замена за неговата или нејзината одлука, мислење, препорака, гласање или друго практикување на службена моќ или дискреција;

[12] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2023/politika_integritet.pdf

- вработените лица кои имаат дискреција во врска со договори, набавки, плаќања, побарувања и други парични трансакции не може да бараат, прифаќаат или да се согласат да прифатат каква било корист од кое било лице за кое вработените лица знаат дека се заинтересирани или веројатно ќе се интересираат за кој било договор, купување, плаќање, побарување или трансакција што вклучува дискреција на било кое вработено лице;
- вработените лица треба да бидат свесни дека е сериозно кривично дело коруптивно да се прима или да се дава каков било подарок, заем, хонорар, награда или предност за правење или непочитување на што било или покажување наклоност или неповолно однесување на кое било лице во нивно службено својство и доколку биде изнесено обвинение, треба да покаже дека таквите награди не се добиени коруптивно.

## Прилог 2 Следење и известување по Годишниот план за проценка на ризици и мерки за спречување на корупција за 2023 година

Поврзано со имплементацијата на Годишниот план за проценка на ризици и мерки за спречување на корупција за 2023 година, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во целост се придржуваа кон исполнување на генералната цел за „Министерство без случаи на корупција, конфликти на интереси, перење на пари и вмешаност во случаи на организиран криминал".

Во таа насока, прогресот во спроведување на активности поврзани со надлежностите на министерството може да се нотира дека специфичните цели беа следени и исполнети во континуитет во текот на 2023 година.

| **Прогрес во исполнување на Специфични цели** | **Прогрес во исполнување на Краен резултат (исход)** | **Прогрес во исполнување на Клучни индикатори за успех на годишно ниво за 2023 година** | **Извори на верификација** |
|---|---|---|---|
| Министерството и вработените лица обезбедија во континуитет во текот на 2023 година:<br><br>Постапување во согласност со Уставот и со законите,<br><br>Професионално и непристрасно постапување од секое вработено лице, секое избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност, како и избегнување на евентуален судир на интереси,<br><br>Обезбедување отчетност за работите од јавен интерес во областите во надлежност на министерството. | Задржан е:<br><br>Углед, интегритет и професионалност во извршувањето на надлежностите во рамките на овластувањата. | Утврдени се:<br><br>0 (нула) случаи на корупција,<br><br>0 (нула) случаи на конфликти на интереси,<br><br>0 (нула) случаи на перење на пари,<br><br>0 (нула) случаи на транснационален организиран криминал,<br><br>0 (нула) ревизорски наоди за постоење сомнежи и/или случаи на корупција,<br><br>Отчетност за користењето на јавните финансии на ниво на министерство. | Ревизорски извештаи на Државен завод за ревизија (ДЗР) = 1 извештај за усогласеност во текот на 2022 година[13],<br><br>Ревизорски извештаи за спроведени мисии за внатрешна ревизија од страна на Секторот за внатрешна ревизија = 4 извештаи за усогласеност во текот на 2023 година,<br><br>Финансиски извештаи на министерството = достапни на веб-страната на министерството, во делот документи од областа на финансиите (https://mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx),<br><br>Извештаи од комисии формирани од функционерот за проверка на работењето = нема, не е утврдено од административни податоци во министерството,<br><br>Извештаи на судските органи = нема, не е утврдено од административни податоци во министерството ,<br><br>Извештаи од Министерството за внатрешни работи (МВР) = нема, не се добиени извештаи од МВР,<br><br>Извештаи од Ревизорското тело за ИПА = нема, не се утврдени неправилности во Оперативната структура за ИПА во МТСП,<br><br>Извештаи од секундарни извори (извештаи во сенка од граѓанскиот сектор) = нема, не се добиени информации за спроведени извештаи во сенка. |

Имајќи ги предвид надлежностите на министеството во одредените области (работни односи и вработување, социјална заштита, заштита на децата, интеграција на Ромите, еднакви можности, родова рамноправност и недискриминација) и поврзаноста со избегување на случаи на корупција, значителен дел од дефинираните ризици и нивна проценка, мерки и активности, од аспект на суштината на нивното делување ја наметнуваат потребата од обезбедување континуитет во спроведувањето.

[13] Извор: Веб-портал на Државен завод за ревизија: https://dzr.mk/mk/revizorski-izvestai

## Прилог 3 Појаснување за анализа и евалуација на идентификуваните ризици со примена на топлотна карта и идентификување на контролни механизми

Поврзано со подготовката на Годишниот план за проценка на ризици и дефинирање мерки за спречување на корупција за 2024 година (табела под точка 4), Министерството за труд и социјална политика (МТСП) при анализа на идентификуваните ризици од корупција и нивната ранливост ја примени топлотната карта (колона 5) и проценка на контролните механизми за справување со ризиците од корупција (колона 6).

**Топлотната карта на ризици** претставува алатка за визуелно, концизно и прегледно прикажување на резултатите од процесот на проценка на ризикот:

Топлотна карта

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЛИЈАНИЕ | *Значително* | Средно | Високо | Високо |
| | *Средно* | Ниско | Средно | Високо |
| | *Мало* | Ниско | Ниско | Средно |
| | | *Ниска* | *Средна* | *Висока* |
| | | ВЕРОЈАТНОСТ | | |

**Дефинирање на поимите кои се користат во топлотната карта на ризици**:

| Проценка на ВЛИЈАНИЕТО | Толкување | Проценка на ВЕРОЈАТНОСТА | Толкување |
|---|---|---|---|
| *Ниско* | **Ако се случи ризикот, бизнис процесите и планираните активности нема да бидат попречени (или влијанието врзнив ќе биде незначително).** | *Ниска* | Не е веројатно дека би се случил ризикот илиима одредено знаење за ситуацијата која се случила. |
| *Средно* | **Ако се случи ризикот, активностите значително ќе бидатпопречени.** | *Средна* | Настанот понекогаш ќе се случи. Претходните искуства или знаење за таквата ситуација одат во прилог на веројатноста дека ризикот ќе се случи. |
| *Значително* | **Ако се случи ризикот, активностите ќе бидат значителнопопречени.** | *Висока* | Настанот се очекува да се случи во најголем број на околности. Јасните и чести докази или знаење за ситуации кои се случиле одат во прилог на веројатноста дека ризикот ќе се случи. |
| **РЕЗУЛТАТИ ОД РАЗНИТЕ КОМБИНАЦИИ НА НИВО НА ВЕРОЈАТНОСТ И ВЛИЈАНИЕ:** | | | |
| **Ниско** | Не е потребно постапување или доволно е само да се обрне внимание на идентификуваниот ризик | | |
| **Средно** | Ризикот мора да се следи, да се идентификуваат повеќе превентивни мерки, контрола на мерките кои биле идентификувани за минимизирање на ризикот, надредениот раководител треба да биде информиран за ризикот т.е. ризиците | | |
| **Високо** | Ризикот мора постојано да се следи, мора да се идентификуваат неопходниот број на мерки за превенција и контрола, строга и многу честа контрола на имплементацијата на контролните мерки, надредениот раководител мора постојано да биде во тек на неделна основа, да се вклучат надворешни контролни механизми/ институции. | | |

Извор: Насоки за проценка на ризикот на Република Северна Македонија 2015

Согласно утврденото ново на ризичност со примена на топлотната карта, понатаму е применета и едноставна **скала за проценка на нивото на контрола** за справување со дефинираните ризици од корупција, и тоа:

Контролиран

Делумно контролиран

Не е контролиран